**20150922890**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 235 – ѓ став (7) и член 235 – в став (14) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите и начинот на полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители (во натамошниот текст:испит).

Член 2

(1) Испитот се полага во февруарска, јунска, октомвриска и декемвриска испитна сесија.

(2) Пријавувањето за испитот се врши во периодот од први до петнаесетти во месецот кој претходи на месецот во кој се одржува испитната сесија (јануари, мај, септември и ноември).

(3) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на испитот му се определува времето и местото за полагање на испитот.

Член 3

(1) Пријавата за полагање на испитот се поднесува до Министерството за правда.

(2) Кон пријавата, кандидатот за полагање на испитот (во натамошниот текст:кандидатот) ги приложува доказите утврдени со членот 235 став (1) од Законот за извршување.

(3) Претставниците од Министерството за правда ги проверуваат документите поднесени од кандидатот за полагање на испитот, дали ги исполнува условите за полагање на испитот.

(4) На кандидатот кој не ги исполнува пропишаните услови за полагање на испитот, нема да му се одобри полагање на испитот.

Член 4

(1) Кандидатот може да го одложи полагањето на испитот во пријавената сесија и да побара одлагање на полагањето за некоја од следните сесии, за што го известува Министерството за правда, најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на првиот или вториот дел од испитот.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, за новото пријавување на испитот, кандидатот нема обврска за плаќање на трошоците сврзани со полагање на испитот.

(3) Доколку кандидатот не се појави на испитот, а истиот не го одложил во рокот предвиден во ставот (1) на овој член или самиот се откаже од полагање на веќе започнатиот испит, се смета дека не го положил испитот.

(4) На кандидатот кој во рок од една година од денот на уплата на средствата не го полага испитот, уплатените средства не му се враќаат.

Член 5

(1) На денот на полагањето на испитот, пред почетокот на полагањето претставниците од Министерството за правда го утврдуваат идентитетот на кандидатот со увид во лична карта и на кандидатот му даваат пристапен код, односно лозинка со која му се одобрува пристап во електронскиот систем во кој е содржана базата на прашања за првиот и вториот дел од испитот.

(2) По одобрување на пристапот, кандидатот добива електронски тест, компјутерски генериран, чија содржина, по принцип на случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од ставот (1) на овој член.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, содржи упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставниците од Министерството за правда даваат појаснување, пред да започне полагањето.

(4) Кандидатот е потребно внимателно да ги прочита дадените прашања и да го избере точниот одговор со кликање во крукчето покрај избраниот одговор.

(5) Кандидатот на прашањата не е задолжително да одговара по ред.

(6) Доколку кандидатот смета дека некое прашање може да го одговори подоцна или сака да се наврати на некое прашање, клика на копчињата ПРЕТХОДНО односно СЛЕДНО или може да премине на кое било прашање со кликање на бројот на прашањето во низата од броеви на долниот дел на екранот.

(7) Доколку кандидатот, сака да направи промена во претходно даден одговор на некое прашање, може повторно да го отвори истото прашање и да даде нов одговор.

(8) За време на полагањето на испитот кандидатот може во просториите за полагање на испитот да внесе само пенкало, а доколку за време на полагање на испитот се јави потреба од добивање на лист, кандидатот се обраќа до претставниците од Министерството за правда кои му даваат бел лист во А4 формат со потпис на претставникот од Министерството за правда и печат на Министерството за правда. По завршувањето на испитот, кандидатот листот му го предава на претставникот од Министерството за правда.

(9) За време на полагање на испитот, кандидатот не ја напушта просторијата во која се спроведува полагањето на испитот и не контактира со другите кандидати.

(10) Доколку кандидатот контактира со други кандидати и добие опомена од страна на претставниците од член 6 од овој правилник и по првата опомена продолжи да контактира со некој од останатите кандидати, истиот ќе биде отстранет од просторијата за полагање на испитот и испитот за кандидатот се смета за завршен.

(11) Кандидатот кој ќе заврши со решавање на тестот пред истекот на предвиденото време, кликнува на копчето КРАЈ НА ТЕСТОТ.

Член 6

(1) Претставниците на институциите од член 235-в став (7) од Законот за извршување, се присутни во просторијата за време на полагањето на испитот.

(2) Доколку поради неодложни обврски некој од претставниците од став (1) на овој член е потребно предвреме да ја напушти просторијата за полагање на испитот, истиот се заменува со лице соодветно номинирано како претставник на истата институција.

Член 7

(1) Првиот дел од испитот содржи по 50 прашања со пет опции за заокружување од секој предмет и се полага електронски во траење од 120 минути. Точниот одговор на прашањата се бодува со 1 поен, сличните одговори со точниот одговор се бодуваат со 0 поени, неточниот одговор во мал обем се бодува со 0 поени, а неточниот одговор во голем обем со - 0,5 поени.

(2) Кандидатот го положил предметот ако освоил најмалку 35 поени.

(3) Ако кандидатот го положи првиот дел од испитот му се овозможува полагање на вториот дел од испитот кој се состои од проучување на две студии на случај во вид на електронски студии на случај во траење од 120 минути. Секоја од студиите на случај содржи по пет прашања, при што секое од прашањата има десет можни опции на одговор. Точниот одговор се бодува со 6 поени, додека сличните одговори со точниот одговор и различните одговори се бодуваат со 0 поени. Максималниот број на освоени поени за секоја од студиите на случај посебно изнесува 30 поени.

(4) Кандидатот го положил вториот дел од испитот ако освоил најмалку 24 поени за секоја студија на случај.

(5) По спроведениот испит, претставниците од член 235-в став (7) од Законот за извршување составуваат и потпишуваат записник за секој кандидат поодделно, во кој се внесуваат: датумот и местото на полагање, личните податоци на кандидатот и освоените поени од двата дела на испитот.

Член 8

(1) На кандидатот кој го положил испитот му се издава уверение за положен испит за извршители на образец кој се печати на хартија во жолта боја со формат А4.

(2) Уверението од став (1) на овој член содржи: натпис: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Министерство за правда, Скопје“; текст: „ Врз основа на член 235-в став (12) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) и член 8 од Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Македонија“ бр.________), министерот за правда издава:“ натпис:

„УВЕРЕНИЕ за положен испит за извршители“; име, татково име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање; назив на Универзитетот на кој кандидатот дипломирал; датум на дипломирањето; датум кога е положен испитот; вкупен број на поени од првиот и вториот дел на испитот; број и датум на издавање на уверението, потпис на министерот за правда и место за печат.

(3) Образецот на уверението од став (1) на овој член е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 9

(1) Кандидатите кои го положиле испитот се евидентираат од страна на Министерството за правда во книга на пропишан образец кој е даден во Прилог бр.2 и е составен дел на овој правилник.

(2) Книгата на евиденција од ставот (1) на овој член, се чува трајно.

Член 10

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за програмата и начинот на полагање на испитот за извршители („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/05, 142/07, 79/09 и 101/13).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1987/1
1 јули 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

Прилог бр.1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Скопје

Врз основа на член 235-в став (12) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) и член 8 од Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Македонија" бр.____________), министерот за правда издава:

# У В Е Р Е Н И Е
## ЗА
## ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

На________________________________роден-а на_________________година во ____________________________,
(име, татково име и презиме) (датум на раѓање) (место)

дипломирал-а на ________________________________________________________во ________________________ на
(назив на универзитетот на кој дипломирал)

ден ___________________ година и го положи испитот за извршители на ден ___________________________година со
(датум кога положил)

вкупно _______ поени.

Министер за правда,

М.П.

Број________________ ____________________

Датум_____________

Прилог бр.2

ЕВИДЕНЦИЈА
НА КАНДИДАТИ КОИ ПОЛОЖИЛЕ ИСПИТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

| Реден број | Презиме, татково име и име | Датум и место на раѓање, адреса | Универзитет на кој дипломирал и датум | Прв дел | | Втор дел | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Освоени поени | Датум на полагање | Освоени поени | Датум на полагање | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |